*Друштво за ревизорски услуги*
***РЕВИЗИЈА И ФИНАНСИИ РИФ ДООЕЛ СКОПЈЕ,***
*ул.Чедомир Миндеровиќ бр.29, 1000 Скопје, Р.Македонија*
*тел:+389 2 3121257, / факс:+389 2 3121267*
*ЕДБ МК 4080010516976*
*Жиро сметка 300000003188426-Комерцијална банка АД*
*E-mail: rif_revizija@t.mk*

Согласно член 35 од Законот за ревизија Друштвото за ревизорски услуги РЕВИЗИЈА И ФИНАНСИИ РИФ ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст Друштвото), објавува

Друштво за ревизорски услуги
РЕВИЗИЈА И ФИНАНСИИ РИФ ДООЕЛ
Бр. 0301-17
24.03 2016 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2015 ГОДИНА

**Содржина на извештајот:**

1. Опис на правната структура и сопственост на Друштвото
2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа
3. Опис на управувачката структура на Друштвото
4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и Прилог изјава од управителот за ефективноста на функционирањето на овој систем
5. Извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно Законот за ревизија
6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на 2015 година
7. Опис на политиката на друштвото за постоење на процедури за проверка на усогласеност на независноста и Прилог изјава дека истите се спроведени
8. Опис на политиката за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во текот на 2015 година и прилог изјава
10. Финансиска информација за вкупен приход остварен во 2015 година
11. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

### *1. Опис на правната структура и сопственост на Друштвото*

Друштвото за ревизорски услуги Ревизија и финансии РИФ ДООЕЛ Скопје е друштво со ограничена одговорност. Основано е во Скопје и регистрирано во Централен регистар на Република Македонија на 26.10.2010 година

Друштвото има основна главнина во износ од 378.000,00 денари.

Во Регистарот на друштва за ревизија кој се води во Институтот за овластени ревизори друштвото е регистрирано со регистарски број ДРО27.

Друштвото има лиценца за работа со регистарски број. 25 добиена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на 27.12.2013 година.

Николовска Соња е сопственик, основач и управител на друштвото. Основачот, кој е овластен ревизор, учествува со 100% во основачкиот капитал.

Приоритетна дејност на друштвото е 69.20 Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување

Друштвото нема регистрирано подружници во земјата и странство.

Друштвото има два вработени на неопределено со полно работно време. Вработените се овластени ревизори, Николовска Соња и Роза Попова Ристевска. Ова е состојба на 31.12.2015 година. До датумот на издавање на извештајот нема промена на состојбата.

Николовска Соња во Регистарот на овластени ревизори кој се води во Институтот на овластени ревизори е со регистарски број ОР184, и има лиценца за овластен ревизор издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата со регистарски број 155.

Роза Попова Ристевска во Регистарот на овластени ревизори кој се води во Институтот на овластени ревизори е со регистарски број ОР157, и има лиценца за овластен ревизор издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата со регистарски број 140.

Годишното осигурување на друштвото е согласно член 25, став 2, точка 3, алинеа 1, односно минимална сума за покривање по штетен настан од 30.000 евра во денарска противвредност. Бројот на полисата е 13053000060406/0. Полисата е со важност за период од 21.01.2016 до 21.01.2017 година.

### *2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа*

Друштвото делува на територијата на Република Македонија и не е дел на професионални мрежи.

Друштвото од неговото основање е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

### *3. Опис на управувачката структура на Друштвото*

Друштвото е запишано во трговскиот регистар како друштво со ограничена одговорност. Во својство на управител е основачот Николовска Соња – овластен ревизор.

## *4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија*

Системот на контрола на квалитет е воспоставен во согласност со барањата на Меѓународниот стандард за контрола на квалитет според кој од Друштвото се бара да има воспоставено систем на контрола на квалитет дизајниран на начин кој обезбедува разумно уверување дека фирмата и нејзините вработени се придржуваат на професионалните стандарди и законските барања, и дека издадените извештаи се соодветни на околностите. За таа цел, друштвото има донесено Прирачник за контрола на квалитет.

Изјавата од управителот за ефективноста на функционирањето на контролата на квалитет е Прилог 1 кон извештајот..

## *5. Извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно Законот за ревизија*

Последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно законот за ревизија е направена во ноември 2014 година од страна на контролор на квалитет на Институтот за овластени ревизори на Република Македонија.

Предмет на проверка беа ревизорски ангажмани за кои е дадено ревизорско мислење во текот на 2014 година.

## *6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во 2015 година*

Друштвото во 2015 година има извршено законска ревизија на финансиски извештаи за 2014 година на следните правни субјекти:

- Акционерско друштво градежно АБ - Скопје
- Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО - Скопје
- Трговско друштво за производство, промет и услуги ЕЛГОС ДОО увоз – извоз – Скопје
- Друштво за производство, трговија и инженеринг ЕЛИНГ ДОО – увоз – извоз - Скопје
- Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ – увоз – извоз - Скопје
- Акционерско градежно друштво ИЛИНДЕН – Скопје
- Друштво за трговија и услуги ЈУС МБ ДООЕЛ - Скопје
- Друштво за производство, трговија и услуги МАГНОЛИЈА Александар и др. ДОО увоз – извоз - Кочани
- Друштво за трговија и услуги ОМЕР КОМПАНИ ДООЕЛ - Скопје
- Друштво за производство, трговија и услуги ПАВОР извоз – увоз Орце ДООЕЛ - Скопје
- Трговско друштво за производство, трговија на големо и мало увоз – извоз Синиша и др. СИНПЕКС ДОО – Битола

- Трговско друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ТОПЛИНА ДООЕЛ – увоз – извоз - Охрид
- Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги ВЕВЕ ГРОУП ДООЕЛ - Скопје
- Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги ВЕВЕ ГРОУП ДООЕЛ – Скопје (консолидиран извештај)
- Друштво за изградба и одржување на топлотехнички постројки, трговија и услуги ВАТРОСТАЛНА Михајло и останати ДОО - Скопје
- Трговско друштво за производство, трговија и услуги ВИНАРИЈА ОХРИД ДОО експорт – импорт Охрид

Друштвото во 2015 година има ангажман за проверка на билансите на ДПТУ ОФАЈА ДООЕЛ за 2014 година.

## *7. Опис на политиката на друштвото за постоење на процедури за проверка на усогласеност на независноста*

Процедурите за проверка на усогласеност на невазисноста се дел од Пирачникот за контрола на квалитет на друштвото. Управителот и вработените еднаш годишно даваат изјава дека се запознаени и се придржуваат на одредбите во Кодексот на етика особено оддел 290.6 кои се однесуваат на независноста.

Изјавата дека во Друштвото постојат процедури за проверка на усогласеност на независноста е Прилог 2 на извештајот.

## *8. Опис на политиката за континуирано професионално усовршување*

Друштвото согласно барањата на Законот за ревизија и Статутот на ИОРРМ, ги почитува актите и насоките на Институтот за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори.

Во текот на 2015 година овластените ревизори вработени во друштвото присуствуваа на обуките за континуирано професионално усовршување организирани од страна на Институтот на овластени ревизори и го исполнија законски пропишаниот број часови годишна обука.

Изјавата за политиката што ја следи друштвото за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори е Прилог 3 на извештајот.

## *9. Финансиска информација за вкупен приход*

Друштвото ги нуди следните услуги

1. Ревизија на финансиски извештаи
2. Дополнителни услуги за уверување во квалитет

Вкупните приходи на друштвото во 2014 и 2015 година се следните

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Приход од ревизија на финансиски извештаи | 1.462.645,00 | 1.392.322,00 |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет | | |
| Даночни советодавни услуги | | |
| Други неревизорски услуги | 36,00 | |
| **Вкупен приход од ревизорски услуги** | **1.462.681,00** | **1.392.322,00** |

### *10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор*

За извршените ангажмани ревизорите примаат месечна плата согласно договорот за работа, Прирачникот за контрола на квалитет на друштвото и законските прописи во Република Македонија.

Скопје 24.03.2016 г.

РИФ ДООЕЛ

Управител
Николовска Соња

Прилог 1

Јас, Николовска Соња, како управител на друштвото за ревизија „Ревизија и финансии" Дооел, а врз основа на спроведените постапки за контрола на квалитет во текот на годината, изјавувам дека друштвото доследно се придржува на барањата на внатрешниот систем за контрола на квалитет и истиот функционира ефективно.

Прилог 2

Јас, Николовска Соња, како управител на друштвото за ревизија „Ревизија и финансии" Дооел изјавувам дека во друштвото постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста со барањата за независност и дека истите се спроведуваат.

Прилог 3

Јас, Николовска Соња, како управител на друштвото за ревизија „Ревизија и финансии" Дооел изјавувам дека во текот на 2015 година овластените ревизори вработени во друштвото присуствуваа на обуките за континуирано професионално усовршување организирани од страна на Институтот на овластени ревизори во рамки на законски пропишаните часови годишна обука.

Дата, 24.03.2016 г.

Управител,
Николовска Соња